Број: 02-6068/45
Датум: 16.12.2024 година
Скопје

Врз основа на Одлуката за распишување избори на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје бр. 02-6068/1 од 18.11.2024 година, изборната комисија на Медицинскиот факултет во Скопје донесе

# УПАТСТВО
# за спроведување на електронските избори за членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” Медицински факултет – Скопје” во учебната 2024/2025

**Член 1**

Со ова Упатство се уредува работата на Изборната комисија, начинот на електронско гласање, образецот на записникот, објавување на резултатите од гласањето, известувања, записници и слично, чување и увид во изборната документација како и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

## I. РАБОТА НА ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА

**Член 2**

Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание именувана од деканот на Медицинскиот факултет (во натамошниот текст: Изборна комисија) работи на седници.

Седниците ги свикува и раководи со нив еден од наставниците, членови на Изборната комисија.

**Член 3**

Изборната комисија одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Записнците и одлуките ги потпишуваат сите членови на Изборната комисија.

## II. КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ И ПРЕТСЕДАТЕЛ ВО ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

**Член 4**

Студентите лично, преку архивата на Факултетот или преку електронската пошта на официјалниот мејл на Факултетот (medf@medf.ukim.edu.mk) доставуваат пријава за кандидати за претседател или членови на Факултетското студентско собрание до Изборната комисија, најдоцна 10 (десет) дена пред одржување на изборите.

Во пријавата за кандидат за претседател и член на Факултетското студентско собрание задолжително се пишува името и презимето на студентот и бројот на индекс.

**Член 5**

Кандидат за Претседател на студентското собрание може да биде секој редовен студент кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Факултетското студентско собрание го сочинуваат 24 (дваесетичетири) претставници од студентите по години од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии и тоа:

- четири претставници од прва година од сите студиски програми на факултетот;
- четири претставници од втора година од сите студиски програми на факултетот;
- четири претставници од трета година од сите студиски програми на факултетот;
- три претставници од четврта година од студиската програма по општа медицина;
- три претставници од петта година од студиската програма по општа медицина;
- три претставници од шеста година од студиската програма по општа медицина;
- еден претставник од постдипломски студии од областа на јавно здравје и
- двајца претставници од сите студиски програми за докторски студии.

Предложен кандидат за член, неможе да биде предложен за претседател на Факултетското студентско собрание.

**Член 6**

Кадидатите за претставници во Факултетското студентско собрание и претседател на Факултетското студентско собрание ги утврдува Изборната комисија.

**Член 7**

По пријавувањето на студенти и по извршената проверка на предложените кандидати за членови и претседател на факултетското студентско собрание, изборната комисија донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови и претседател на факултетското студентско собрание, и констатира дали има некомплетни пријави.

Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, студиската програма, бројот на индекс и сл.

Одлуката од комисијата е конечна и се објавува на веб страната на Факултетот најдоцна 7 дена пред одржување на изборите.

## III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 8**

Членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори, со мандат од една година и со право на уште еден избор.

Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање online на ден 23 декември 2024 година (понеделник), преку лиценцирана платформа за електронско гласање, којашто ја гарантира тајноста на гласањето, во период од 10 до 17 часот.

**Член 9**

Тајното гласање се врши електронски на гласачки ливчиња.

Изборната комисија го утврдува изгледот и содржината на гласачкото ливче, односно изготвува 9 (девет) вида гласачки ливчиња и тоа:

-гласачко ливче со утврдени кандидати од прва година од сите студиски програми на факултетот;

-гласачко ливче со утврдени кандидати од втора година од сите студиски програми на факултетот;

-гласачко ливче со утврдени кандидати од трета година од сите студиски програми на факултетот;

-гласачко ливче со утврдени кандидати од од четврта година од студиската програма по општа медицина;

-гласачко ливче со утврдени кандидати од петта година од студиската програма по општа медицина;

-гласачко ливче со утврдени кандидати од шеста година од студиската програма по општа медицина;

-гласачко ливче со утврдени кандидати од постдипломски студии од областа на јавно здравје;

-гласачко ливче со утврдени кандидати од сите студиски програми за докторски студии;

-гласачко ливче со утврдени кандидати за претседател на Факултетско студентско собрание .

Гласачкото ливче содржи:

-логото и име на Факултетот и Универзитетот,

-кратко упатство за начинот на гласање - максималниот број на кандидати за кои може да се гласа,

-денот на одржување на гласањето,

-имињата и презимињата на утврдените кандидати наредени по азбучен ред според презимето на кандидатот.

**Член 10**

Седум дена пред одржување на изборите, Изборната комисија обезбедува избирачки списоци.

Одделението за студентски прашања е должно, на барање од Изборната комисија да даде избирачки списоци на студенти кои имаат право да гласаат, по студиски години.

**Член 11**

Секој студент кој запишал зимски семестар во учебната 2024/2025 година има право да гласа.

**Член 12**

Според структурата на Факултетско студентско собрание, студентите можат да гласаат најмногу за:

- 4 (четири) претставници од прва година од сите студиски програми на факултетот;
- 4 (четири) претставници од втора година од сите студиски програми на факултетот;
- 4 (четири) претставници од трета година од сите студиски програми на факултетот;
- 3 (три) претставници од четврта година од студиската програма по општа медицина;
- 3 (три) претставници од петта година од студиската програма по општа медицина;
- 3 (три) претставници од шеста година од студиската програма по општа медицина;
- 1 (еден) претставник од постдипломски студии од областа на јавно здравје;
- 2 (двајца) претставници од сите студиски програми за докторски студии и
- 1 (еден) кандидат за претседател на Факултетско студентско собрание.

**Член 13**

За избрани членови на Факултетотското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале за што Изборната комисија донесува Одлука.

За избран претседател на Факултетското студентско собрание се смета кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите кои гласале за што Изборната комисија донесува Одлука.

Одлуките од став 1 и 2 на овој член се објавуваат на веб страницата на Факултетот и се доставуваат до деканот на Факултетот во рок од 24 часа од завршување на изборите.

## IV. УВИД И ЧУВАЊЕ И ВО ИЗБОРНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 14**

Секој студент има право на увид во изборната документација.

Увидот од став 1 на овој член се врши во термин што ќе го определи Изборната комисија.

**Член 15**

Изборната документација се чува една година од денот на завршување на изборите во архивата на Факултетот.

Донесените одлуки и записниците поврзани со избор на членови на Факултетското студентско собрание се чуваат во архивата на Факултетот, согласно прописите за рокови за чување на архивски документарен материјал.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Упатството влегува во сила на денот на објавувањето на веб страницата на Факултетот.

**Изборна комисија:**

1. Проф.д-р Анита Арсовска – член с.р.
2. Проф.д-р Александар Станков – член с.р.
3. Ангела Костова, студент – член с.р.
4. Владимир Аневски, студент – член с.р.
5. Искра Чупетреска, студент – член с.р.